# ЗНМ: НЕКАЗНИВОСТА НА ЗАКАНИТЕ КОН НОВИНАРИ ЈА ДОВЕДЕ МАКЕДОНИЈА НА 95 МЕСТО ПО СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ

Share
Tweet

Здружението на новинарите на Македонија најостро ги осудува заканите и навредите упатени кон уредничката на „ТВ Алфа“, Искра Коровешовска од страна на лицето Емил Јакимовски. Ова е истиот заканувач кој неодамна на сличен начин испрати закани и до новинарката Мери Јордановска.

Загрижува фактот што во двата случаи, заканите содржат елементи на родова дискриминација, а ваквиот притисок кон жените новинари е сериозна пречка за слободата на изразување, слободата на медиумите и правото на граѓаните да бидат информирани.

ЗНМ е во контакт со Министерството за внатрешни работи за двата случаи од каде ни беше ветено дека ќе работат на целосно расчистување на овие напади. Го повикуваме и

Основното јавно обвинителство да одигра активна улога во насока на брзо истражување на заканите со цел да се превенираат слични случаи во иднина.

Неказнивоста на ваквите дела ја доведе земјата на 95 место на светскиот индекс за слободата на медиумите на „Репортери без граници“, затоа апелираме на брзо и ефективно процесуирање на овие предмети.

Ги охрабруваме колегите да не подлегнуваат на ваквите закани и навреди и истите да ги пријавуваат во ЗНМ, со цел да се крене свеста пред граѓаните дека насилството кон новинарите е недозволиво, но и да се мотивираат надлежните институции активно да ги штитат нашите колеги.

Исто така, овие закани треба да бидат дополнителен мотив за Министерството за правда и Собранието на РСМ за измена и дополнување на Кривичниот законик преку кој ќе се гарантира поголема безбедност и сигурност за новинарите и медиумските работници.

Администратор 13/01/2020 18:22

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ




**ЗНМ: Непримерни се коментарите на премиерот за документарецот на ИРЛ (/Home/PostDetails?PostId=414110)**



**НСОН: Наместо апели, МОН да превземе конкретни чекори околу исплатата на прекувремените часови (/Home/PostDetails?PostId=414109)**



**Заев се дообјаснува за изјавата за Рашковски: Имам право на свое мислење (/Home/PostDetails?PostId=414106)**



**Николовски денес вели дека заврши времето кога народните пари се трошеа за се́ и сешто, пред месец дена го бранеше Рашковски (/Home/PostDetails?PostId=414105)**




**Дрес од фудбалската репрезентација со името напишано на кирилица, доби на подарок Папата Франциск од Пендаровски (/Home/PostDetails?PostId=414090)**



**Пендаровски и Радев заеднички ги чествуваа Св. Кирил и Методиј во Рим (/Home/PostDetails?PostId=414089)**



**Не е проблем во сулфурот, проблем е поголемата количина вода и пепел во сомнителниот мазут, вели Заев (/Home/PostDetails?PostId=414086)**



**Заев оствари телефонски разговор со новиот привремен премиер на Бугарија, Стефан Јанев (/Home/PostDetails?PostId=414083)**



**Радев до Пендаровски: Двете држави треба да работат со уште поголема доверба и дијалог, да ги решат работите заедно (/Home/PostDetails?PostId=414082)**

Makpress.mk
48,431 likes

Like Page
Send Message

Makpress.mk
on Wednesday

Како што информира ОЈО, обвинетиот 33-годишник, во деловен објект лоциран во семејната куќа во сопственост на неговиот татко во Добридол, организирал и

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk